**МАКЕДОНИЈА**
**Центар за развој на**
**Северо-Источен плански регион**

**УКРАИНА**
**Автономна Република Крим**
***Белогорски градски Совет***
***Извршен Комитет***

# *Меморандум*

***за билатерална соработка и воспоставување на пријателски односи помеѓу Белогорски градски совет (Автономна Република Крим, Украина)и Центарот за развој на Северо-Источен плански регион- Републики Македонија***

*Во согласност со билатералниот предлог за соработка и воспоставување на пријателски односи помеѓу страните на овој Договор, тие декларираат заедничко разбирање на целите за соработка.*

*Белогорскиот градски Совет (Автономна Република Крим, Украина) и Центарот за развој на Северо-Источен плански регион Републики Македонија, обединуваат шест македонски општини (Крива Паланка(Kriva Palanka), Куманово(Kumanovo), Липково(Lipkovo), Кратово(Kratovo), Старо Нагоричане(Staro Nagoricane), Ранковце(Rankovce), согласно Договорот за пријателство и соработка помеѓу Украина и Република Македонија од 11 јануари 2000 г., врз основа на придобивките за заедничка соработкак и потребата од понатамошно зајакнување на меѓусебно разбирање и блиско пријателство, во интерес за развивање на меѓуопштинска соработка врз основа на добра волја и еднаквост, со намера за воспоставување на долгорочна билатерална соработка.*

*Двете страни се согласни, дека соработката ќе биде насочена кон следните полиња на активности:*

1. *Законска регулатива, административни прашања, утврдување на можните заеднички теми за развој меѓу двете страни и размена на искуство во управувањето на локалните власти во Украина и Македонија;*
2. *Законска регулатива, административни, економски и други прашања, тековни проблеми во управувањето и размена на искуство во работите од областа на комуналните услуги испорачани на граѓаните;*
3. *Развојот на контакти помеѓу сите општински партнери, преку размена на делегации и групи на експерти од областа на културата и уметноста, образованието, науката и спортот, бизнисот;*
4. *Соработка во областа на зачувување на енергијата и енергетската ефикасност, технологии за заштеда на ресурси и обновливи извори на енергија*
5. *Координација на инвестициите и соработка со меѓународни организации и фондации;*

6. *Размена на искуства и соработка во заживување и развој на занаетчиството кај општинските партнери;*
7. *Соработка во размена на млади лица (младина, општествени организации);*
8. *Разгледување на можностите за соработка во насока на развојот на граѓанското општество во партнерските градови;*
9. *Вовед во културните вредности на партнерските општини;*
10. *Размена на искуства во областа на правата на националните малцинства;*
11. *Воспоставување на заеднички интерес во различен тип на спортски активности;*
12. *Размена на искуство и разгледување на можностите за заедничка соработка во областа на развојот на малите и средни претпријатија;*
13. *Размена на искуство и разгледување на можностите за соработка на полето на животна средина и здравствена заштита;*
14. *Проценка на можностите за унапредување на различни видови на туризам;*

*Јуни 2012*

*Белогорски градски Совет*

*Градоначалник*
*А. Кангиев* ____________________

*Центар за развој*
*На Североисточенплански регион*

*Раководител*
*М. Протиќ* ____________________